Врз основа на член 54 став (3), од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија” бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11 и 69/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОЛИЧИНИТЕ, УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ЧУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИТЕ ПРИМЕРОЦИ ОД ВИДОВИ И СОРТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА, КАКО И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ГЕН БАНКАТА

Член 1

Во Правилникот за количините, условите и начинот на чување на референтните примероци од видови и сорти на земјоделски растенија, како и начинот на работа на Ген банката (”Службен весник на Република Македонија” бр.144/11), во членот 2 се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Ревитализација на Ген банка е преземање на оперативни мерки и активности за обновување на постоечката или набавка на нова опрема, како и одржување и обновување на примероците во Ген банката.“

Член 2

Во член 6 во ставот (2) по зборот „примероци“ се додаваат зборовите: „како и оперативни мерки и активности за ревитализација на Ген банката “.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.18- 273/5
22.10.2013
Скопје

**Министер,**
**Љупчо Димовски**